INTERNATIONAL
UNIVERSITY OF STRUGA

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА

# К О Н К У Р С

**За запишување студенти на прв, втор и трет циклус на студии на студиските програми на Меѓународниот универзитет во Струга во академската 2012/2013 година**

**СТРУГА**
**МАРТ, 2012**

Врз основа на член 57 од Законот за високото образование (Сл.весник на Република Македонија бр.35/08) и член 140 од Статутот на Меѓународниот универзитет – Струга, Ректорската управа на Меѓународниот универзитет во Струга на седницата одржана на **28.02.2012** донесе одлука за објавување на конкурс за запишување на студенти од прв, втор и трет уписен циклус по претходна согласност на Владата на Република Македонија. Врз основа на Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и во согласност со одлуката од седницата на Ректорската управа на Универзитетот за определување на бројот на студентите за запишување во I година на додипломски студии во академската 2012/2013 година се предлага следниот број на студенти:

| I ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ | Редовни на Македонска диплома Додипломски студии | Износ и компензација за full time студенти(ЕУРО) | Износ и компензација за part time студенти(ЕУРО) | Редовни на Американски Универзитет Додипломски студии |
|---|---|---|---|---|
| *а) Правосудни студии* | 150 | 1900 | 2400 | 20 |
| *Б) Криминалистика и детективи* | 100 | 1900 | 2400 | |
| **Вкупно:** | 270 | | | |

| II ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ | Редовни на Македонска диплома Додипломски студии | Износ и компензација за full time студенти(ЕУРО) | Износ и компензација за part time студенти(ЕУРО) | Редовни на Американски Универзитет Додипломски студии |
|---|---|---|---|---|
| *а) Економија и бизнис* | 100 | 1900 | 2400 | 20 |
| *б) Маркетинг и финансиски менаџмент* | 150 | 1900 | 2400 | |
| **Вкупно:** | 270 | | | |

| III ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ | Редовни на Македонска диплома Додипломски студии | Износ и компензација за full time студенти(ЕУРО) | Износ и компензација за part time студенти(ЕУРО) | Редовни на Американски Универзитет Додипломски студии |
|---|---|---|---|---|
| *а) Дипломатија и меѓународни односи* | 150 | 1900 | 2400 | 20 |
| **Вкупно:** | 170 | 1900 | 2400 | |

| ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА | Редовни на Факултет за ИТ Додипломски студии | Износ и компензација за full time студенти(ЕУРО) | Износ и компензација за part time студенти(ЕУРО) | Редовни на Американски Универзитет Додипломски студии |
|---|---|---|---|---|
| а) *Информатичка технологија* *Вкупно:* | 40 | 1900 | 2400 | 20 |
| | 60 | | | |

## I. Услови и критериуми за запишување

1. Право на запишување на додипломски студии имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование, во средни училишта верифицирани со акт на Министерството за образование и наука.

   По исклучок, особено талентирано лице може да запише студии на факултетите од областа на уметностите иако нема завршено четиригодишно средно образование, под услов тоа да го стекне до крајот на втората година на студиите, под услови утврдени со статутот на факултетот.

   Доколку лицето од претходниот став не ги исполни наведените услови, го губи статусот студент на соодветниот факултет.

2. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти со samoфинансирање на студиите.

   На додипломски студии на факултетите можат да се запишуваат и вонредни студенти, доколку тоа го овозможува карактерот на студиската програма.

3. На додипломски студии на факултетите можат да се запишат и кандидати што имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи. Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до **10%** од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во Конкурсот.

   Кандидатите од претходниот став се запишуваат според успехот од претходното образование, освен на студиските програми за кои поради специфичностите е потребна проверка на талентот. Сродноста ја утврдуваат и објавуваат факултетите.

   Кандидатите од оваа точка се запишуваат со кофинансирање на студиите, како и кандидатите од глава IV од Конкурсот.

4. Начинот на селекција на кандидатите ќе се врши во зависност од видот на студиските програми за кои тие конкурираат, и тоа:

   а) студиски програми каде селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование;

   б) студиски програми каде селекцијата ќе се врши врз основа на успехот од средното образование и со проверка на талентот на кандидатите. Тоа се однесува на студиски програми со посебни специфичности.

5. Основен критериум за селекција на кандидатите за запишување на додипломски студии е успехот постигнат во средното образование. Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени.

   а) На студиските програми каде селекцијата се врши само според успехот од средното образование, кандидатите може да освојат најмногу **100 поени**, и тоа: општиот успех по сите предмети учествува со **60%** и од успехот постигнат на **државната матура кој учествува со 40%.**

   а.1 На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование**, бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

   а.2 Бодирањето на успехот постигнат на државната матура се врши на следниов начин: Перцентилниот ранг од екстерниот предмет кој се полага на државната матура се множи со коефициент 10. На ист начин се пресметува и Перцентилениот ранг од вториот екстерен предмет. Перцентилниот ранг од интерниот предмет кој се полага на државната матура (Прилог 1) се множи со коефициент 8. На ист начин се пресметува и Перцентилениот ранг од вториот интерен предмет. По оваа основа можат да се добијат најмногу **36 поени**. Оценката добиена на проектанта задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40 поени**.

За кандидатите кои средното образование го завршиле во претходните учебни години (пред учебната 2007/08 година) и не полагале државна матура, освен пресметувањето на бодовите од точка 5.а.1, се пресметуваат и најмногу 40 поени од предметите кои се значајни за студиската програма, и тоа: збирот од оценките од двата предмета значајни за студиската програма и двата предмета кои се однесуваат на јазиците (мајчин јазик и еден странски јазик) се дели со 16 и вака добиениот среден успех, за секој предмет одделно, се множи со 8. По оваа основа може да се добијат најмногу **10 поени** за еден предмет, односно вкупно **40 поени** за четирите предмета.

б) На студиските програми со посебни специфичности селекцијата на кандидатите ќе се врши според **успехот од средното образование и со проверка на талентот на кандидатите**. Кандидатите се рангираат со собирање на бодовите добиени по двата основа.

## II. Селекција на кандидатите

1. За пресметување на бодовите од постигнатиот успех од средното образование и успехот постигнат на Државната или училишната матура, Меѓународниот универзитет - Струга формира ***конкурсни комисии*** за секој од факултетите одделно.
   Конкурснаta комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на факултетите, се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување.

2. Рангирањето на кандидатите го вршат конкурсните комисии на одделните факултети.

3. Конкурсната комисија, на огласната табла на факултетот, ги објавува поените од средното образование (среден успех), и резултатите од проверката на талентот, на студиските програми каде што таа се спроведува.

   По објавувањето на **прелиминарната ранг-листа** на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати.

   Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите, и се упатува до управата на факултетот.
   Решението на управата по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на факултетите.

   По истекот на роковите за поднесување приговори и за нивно решавање, Универзитетската конкурсна комисија на соодветниот факултет објавува решение за прием на студенти (**конечна ранг-листа**), врз основа на што се врши запишување на студенти.

4. Факултетите на кои и по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места, вршат запишување во втор и во трет уписен рок.

5. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати), факултетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако, пак, бројот на ваквите кандидати е поголем од 5, тогаш факултетите овие кандидати ги рангираа според дополнителни критериуми: соодветноста на изработената проектанта задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, членови на спортски репрезентации на Република Македонија, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и сл.

## III. Запишување вонредни студенти

1. На одделни студиски програми на факултетите, како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат договор за вработување на неопределено време, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

За оправдани причини од претходниот став се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата; потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар; родител на дете додека трае породилното отсуство.

2. Вонредните студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.

   Вонредните студенти се запишуваат со кофинансирање на студиите, како и студентите запишани во категоријата со samофинансирање на студиите од глава IV точка 2 од Конкурсот.

3. При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат договор за вработување на неопределено време, или лекарско уверение за причините наведени во точка 1 став 2 (издадено од Универзитетска поликлиника).

## IV. Запишување студенти со самофинансирање на студиите

1. На факултетите, како редовни студенти се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување.

2. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава I од Конкурсот го плаќаат во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на РМ на денот на плаќањето, во најмногу на дванаесет еднакви рати.

## V. Рокови за пријавување, проверка на знаењето и запишување

| РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ - 2011/12 Г. - | I УПИСЕН РОК | | II УПИСЕН РОК | | III УПИСЕН РОК |
|---|---|---|---|---|---|
| | ВИД НА СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | | | | |
| | со проверка на знаења и умеења | без проверка на знаења и умеења | со проверка на знаења и умеења | без проверка на знаења и умеења | без проверка на знаења и умеења |
| Пријавување на кандидатите | **22.08 -26.08** | **22.08 -26.08** | **19.09 – 23.09** | **19.09 – 23.09** | **06.10 – 12.10** |
| Проверка на талент, знаења и умеења | / | / | / | / | / |
| Објавување прелиминарна листа | **2 септември** | **2 септември** | **26 септември** | **26 септември** | **14 октомври** |
| Објавување решение за прием на кандидатите | **5 септември** | **5 септември** | **28 септември** | **28 септември** | **14 октомври** |
| Запишување на кандидатите | **12 и 13 септември** | **12 и 13 септември** | **3-5 октомври** | **3-5 октомври** | **17 и 18 октомври** |

**Напомена:**

Во вториот и во третиот уписен рок, на факултетите на кои што останале слободни места за запишување право да конкурираат ќе имаат и кандидати кои полагале државна матура, но избрале интерни предмети кои не се во согласност со предметите наведени во Преглед 1 од Конкурсот, како и кандидати кои полагале училишна матура.

Бројот и условите за запишување на кандидатите во вториот и третиот рок ќе бидат утврдени со Дополнителниот конкурс за запишување.

## VI. Документи за пријавување и запишување

При **пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите за додипломски студии ги поднесуваат следниве документи:

1. пријава за запишување
2. оригинални свидетелства од сите класови
3. свидетелство за завршено средно образование
4. доказ за државјанство на РМ (уверение или решение)
5. две слики (големина за пасош)

## На втор циклус на студии во академската 2012/2013 година студентите можат да се запишат на следните студии:

### СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ

Во четврта година на специјалистички студии во академската 2012/2013 година можат да се запишат студенти на следните факултети и насоки:

• ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ, на насоките:
- Правосудни студии - 25 студенти
- Криминалистика и детективи - 25 студенти

• ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ на насоките:
- Економија и бизнис - 25 студенти
- Маркетинг и финансиски менаџмент - 25 студенти

• ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ на насоката:
- Дипломатија и меѓународни односи - 50 студенти

Специјалистичките студии траат една студиска година (два семестри). По завршувањето на предвидените испити и студентите се стекнуваат со звање специјалист во соодветната област. На специјалистички студии може да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус (додипломски студии) со стекнати 180 ЕКТС кредити. На специјалистички студии може да се запише и лице кое завршило соодветно високо образование од прв циклус, со стекнати 180 ЕКТС кредити, надвор од Р. Македонија. Странски државјани се запишуваат под истите услови како и државјаните на Р. Македонија.

### МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

Во петта година на магистерски студии во академската 2012/2013 година можат да се запишат студенти на следните факултети и насоки:

• ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ, на насоките:
- Правосудни студии - 80 студенти
- Криминалистика и детективи - 50 студенти

• ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ на насоките:
- Економија и бизнис - 100 студенти
- Маркетинг и финансиски менаџмент - 50 студенти

• ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ на насоката:
- Дипломатија и меѓународни односи - 150 студенти

• ФАКУЛТЕТ ЗА  ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА на насоката:
- Бизнис информатика - 60 студенти

Магистерските студии траат две студиски години (4семестри). По одбраната на магистерскиот труд, студентите се стекнуваат со звање магистер во соодветната област. На магистерски студии може да се запише лице кое завршило соодветни или сродни студиски студиски програми со стекнати 240 ЕКТС кредити. На студии може да се запише и лице кое има стекнато VII/1 степен од завршени додипломски студии пред воведување на ЕКТС системот на студирање. На магистерски студии може да се запишат и лица кои завршиле образование со стекнати 240 ЕКТС кредити надвор од Р. Македонија. Странски државјани се запишуваат на студиите под истите услови како и државјаните на Р. Македонија.

ФИНАНСИРАЊЕ НА СТУДИИТЕ

Школарината за една студиска година за редовните студенти изнесува 1.900 евра, а за вонредните студенти 2.400 евра

При **пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите за постдипломски студии ги поднесуваат следниве документи:

1. пријава за запишување
2. оригинално уверение за завршени додипломски студии
3. CV и потврда за практична настава
4. доказ за државјанство на Република Македонија (уверение или решение)
5. две слики (големина за пасош)

* * *

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти ги поднесуваат, освен горните, и документите наведени во глава III, точка 3

**На факултетите во рамките на Меѓународниот Универзитет во Струга во прва година на трет циклус - докторски студии во учебната 2012/2013 година можат да се запишат студенти на следните факултети:**

| | |
|---|---|
| • ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ: | - 10 докторанди |
| • ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ: | - 10 докторанди |
| • ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ: | - 10 докторанди |

## I. Услови и начин на запишување студенти

1. Право за запишување на докторски студии имаат лица кои завршиле соодветни студиски програми и кои ги исполнуваат основните критериуми:

- завршен II циклус на студии усогласени со европскиот кредит-трансфер систем (во натамошниот текст: ЕКТС-кредити);
- завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, на кои им се признаваат 60 кредити од обука за истражување и едукација;
- стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со остварени најмалку 300 ЕКТС-кредити;
- остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, од најмалку 8,00 (I и II циклус на студии);
- познавање на еден од светските јазици.

## II. Селекција на кандидатите

По завршувањето на конкурсот, советот на студиската програма објавува прелиминарна ранг-листа на примени кандидати на докторските студии, за секоја студиска програма, односно потпрограма одделно.

За кандидатите кои не ги исполнуваат условите за запишување на докторски студии, советот на студиската програма објавува посебна листа.

Листите се објавуваат на интернет-страницата на Меѓународниот Универзитет во Струга.

Кандидатите имаат право на приговор по листата во рок од 36 часа.

Приговорот се поднесува во Меѓународниот Универзитет во Струга, во писмена форма до советот на студиската програма.

Советот на студиската програма донесува конечна одлуката во рок од 36 часа.

По завршувањето на постапката по приговорите, советот на студиската програма, во рок од 5 дена ја утврдува конечната ранг-листа на примени кандидати и ја доставува до Универзитетскиот стручен совет за докторски студии за потврдување.

Потврдената ранг-листа на примени кандидати е конечна и се објавува на интернет-страницата на Меѓународниот Универзитет во Струга.

## III. Рокови за пријавување на кандидатите

- Кандидатите се пријавуваат во периодот **од 5 до 23 ноември 2012 година**.
- Документите се доставуваат во Меѓународниот Универзитет во Струга.

## IV. Документи за пријавување

Кандидатот кој се пријавува на конкурсот поднесува:

- пријавен лист со назначување на избраната студиска програма за која конкурира;
- писмо за мотивација со назначување на областа на истражување и предлог на ментор од листата на ментори;

- кратка биографија;
- докази со кои се докажува исполнетоста на условите за запишување утврдени со овој Правилник;
- кандидатите кои II циклус на студии го завршиле во странство доставуваат нострифицирани докази со кои се докажува исполнетоста на условите за запишување.

Документацијата се доставува во фотокопија, а оригиналите се доставуваат на увид.

**V. Документи за запишување**

При **запишувањето**, примените кандидати поднесуваат:

- индекс и пријавни листови;
- две фотографии (две фотографии со димензии 3,5 x 4,5 и една со димензии 2 x 3);
- потврда за уплатена школарина за првиот семестар од износот на докторските студии (школарината се плаќа на 6 еднакви рати на почетоткот на секој семестар).

При запишувањето, кандидатите ја уплаќаат првата рата, од која износот во денарска противвредност од 2000 евра се уплаќа на сметката на Меѓународниот Универзитет во Струга: УНИ БАНКА 240 230 001 908 444.

**Забелешка: Бидејќи пријавувањето се врши со оригинални документи, пожелно е кандидатите претходно да направат преписи од документите за свои потреби.**

* * *

**Конкуростот ќе биде објавен на интернет-страницата:**
**http://www.eust.edu.mk**

**Листа 1 - Листа на интерни предмети кои се потребни за прiем на факултет**

| Факултет | Интерни предмети |
|---|---|
| **Факултет за Информатичка технологија**<br>**Факултет за Економски науки**<br>**Факултет за Правни науки**<br>**Факултет за Политички науки** | **а). Гимназиско или друго општо образование:**<br>❖ Информатика (или предметот математика односно странски јазик, во зависност од тоа кој предмет е избран од екстерните предмети)<br>❖ Вториот интерен предмет матурантот го избира од листата на општо образовни предмети во зависност од профилот на подготовка со која се стекнал во текот на своето образование.<br>**б). Средно стручно образование:**<br>❖ Информатика (или предметот математика односно странски јазик, во зависност од тоа кој предмет е избран од екстерните предмети)<br>❖ Вториот интерен предмет матурантот го избира од листата на стручни предмети во зависност од профилот на подготовка со која се стекнал во текот на своето стручно образование. |